# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XI БРОЈ 53 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 АВГУСТ 2022 ГОДИНА


Во овој број


Страница 2

БАЈРАМ БЕГАЈ ОФИЦИЈАЛНО ЈА ПРЕЗЕДЕ ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА МУ ПОСАКУВА УСПЕХ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БАЈРАМ БЕГАЈ СО ВЕРБА ДЕКА ЌЕ СЕ ЗАЛОЖИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Страница 3

МАКЕДОНСКАТА АМБАСАДА ВО ТИРАНА УПАТИ ЧЕСТИТКА ДО НОВИОТ АЛБАНСКИ ПРЕТСЕДАТЕЛ БАЈРАМ БЕГАЈ

АЛБАНИЈА ГИ ЗАПОЧНА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ДОДЕКА МАКЕДОНИЈА ИМА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРИСТАПУВАЊЕТО КОН ЕУ

Страница 4

МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОРОТ ДАНЧО МАРКОВСКИ УЧЕСТУВАШЕ НА ПОДИГАЊЕТО НА ЗНАМЕТО НА ЕВРОПА ПРЕД ВЛАДАТА ВО ТИРАНА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ГО ПОЗДРАВУВА СТАРТОТ НА ПРЕГОВОРИТЕ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈАПОЗДРАВУВА

Страница 5

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА БАРА ОД СПЕЦИЈАЛНАТА СОБРАНИСКА КОМИСИЈА "ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНА РЕФОРМА ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА" ДА ЗЕМЕ ПРЕДВИД БАРАЊЕТО НА ЖИТЕЛИТЕ НА ГОЛО БРДО И ГОРА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНИ ГОЛО БРДО И ГОРА

СТЕРЈОВСКИ И ОСМАНИ ПОБАРАА ОБЛАСТИТЕ ГОЛО БРДО И ГОРА ДА БИДАТ ПОСЕБНИ ОПШТИНИ, А ПУСТЕЦ ДА БИДЕ ИМЕНУВАНА ВО ОПШТИНА ПРЕСПА

Страница 6

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ДОБИ ИТ ОПРЕМА ОД "ДОНИРАЈ КОМПЈУТЕР"

АРХИТЕКТОТ БЛАГОЈ ЗДРАВЕВ ОД ШТИП ДАРУВАШЕ ПРОЕКТ ЗА КАМБАНАРИЈАТА НА ЦРКВАТА "СВ. АРХАНГЕЛ МИХАЕЛ" ВО ПУСТЕЦ

Страница 7

ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН СТРЕЗИМИР – РЕСТЕЛИЦА ВО ОБЛАСТА ГОРА КОН МАКЕДОНИЈА, ЌЕ БИДИ ОТВОРЕН ОД 20 ЈУНИ ДО 15 СЕПТЕМВРИ

ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНОТ НА МАНАСТИРОТ СВЕТА МАРЕНА ВО ТУМИНЕЦ, ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА

Страница 8

ОТВОРЕН БАЛКАН: МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И СРБИЈА СО ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ НА ПОВРЗУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ОД РЕГИОНОТ

ПО ЕДНА ДЕЦЕНИЈА МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И ГРЦИЈА ПОЧНУВААТ СО ЗАШТИТА НА ПРЕСПА

Страница 9

СВЕТА МАРЕНА СЕ ОДБЕЛЕЖА И ВО ОБЛАСТА ШПАТ, ЕЛБАСАНСКА МИТРОПОЛИЈА

СО МАКЕДОНСКИ ПАСОШ МОЖЕ ДА СЕ ПАТУВА ВО 124 ЗЕМЈИ БЕЗ ВИЗИ

Страница 10

ПОВИК ЗА ЛЕТНА ШКОЛА ЗА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ПРЕСПА

ГЕРМАНЦИТЕ ОД ЈУЖЕН ТИРОЛ И СЛОВЕНЦИТЕ ОД АВСТРИЈА ГИ ОСВОИЈА ТИТУЛИТЕ НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО НА 4-ТА ЕВРОПЕЈАДА 2022

Страница 11

ОТВОРЕН БАЛКАН: МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И СРБИЈА СОЗДАВААТ МЕХАНИЗМИ ЗА ВЗАЕМНА ПОМОШ




## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ВИ ГО ЧЕСТИТА НАЈГОЛЕМИОТ МАКЕДОНСКИ ПРАЗНИК ИЛИНДЕН

Почитувани Македонци и Македонки во Албанија, татковината Македонија и насекаде во светот, Македонско друштво "Илинден"-Тирана ви го честита најголемиот македонски празник Илинден. Да го почитуваме и славиме овој голем ден во чест на Илинденско востание од 1903 – та година. Исто така големитот Илинден 1944 – та година

**Македонско друштво "Илинден"-Тирана**
**Претседател Никола Ѓурѓај**

## БАЈРАМ БЕГАЈ ОФИЦИЈАЛНО ЈА ПРЕЗЕДЕ ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА



Со давањето свечена заклетва на 24.07.2022 година Бајрам Бегај и официјално ја презеде функцијата претседател на Албанија, на која ќе остане во наредните пет години. По интонирањето на химната, претседателката на Парламентот ја прочита заклетвата, по што Бегај во поздравниот збор пред пратениците во законодавниот дом, им вети на граѓаните дека ќе биде во нивна и во служба на татковината, почитувајќи ги уставните надлежности. Денеска се заколнав дека ќе му служам на Уставот, на националниот интерес и на напредокот на албанскиот народ и ќе ја исполнувам мојата должност според принципите и нормите на Уставот. Јас ќе ја извршувам оваа мисија натпартиски, но нема да останам неутрален кон никој што и противречи на оваа заклетва, кон секој што ги става политичките интереси пред интересот на нашата нација. Секогаш ќе поддржувам, ќе се трудам и ќе инсистирам на соработка меѓу сите политички сили, во изнаоѓање заеднички јазик, во изнаоѓање начини, дури и заеднички патишта, бидејќи на крајот ние сме слуги на граѓаните и конфликтот никогаш не е слуга на доброто – порача Бегај. Во својот говор тој ја даде првата порака до власта и опозицијата. Оваа одговорност доаѓа во историски момент за државата. Албанија влезе во неповратен европски пат. Европска Албанија, денес ветување, а утре реалност, е круна на најубавиот сон на албанскиот народ. Тоа е тестамент од историјата и благослов за иднината, јас ја знам, ја поддржувам и почитувам работата на владата, но трудот и желбата не оправдуваат никаков неуспех. Би сакал опозицијата да не гледа конфликт пред соработка. Периодот во кој живееме е еден од најнепредвидливите – рече Бегај. Потоа тој се упати во претседателката резиденција каде го пречека досегашниот претседател Илир Мета, со кого се прегрнаа, правејќи симбол на орел со рацете. Бегај му заблагодари на Мета за соработката, и повторно вети дека ќе биде во служба на Уставот и народот, по што претседателката на Уставниот суд, Виторе Туша му го предаде Уставот. На свеченоста присуствуваше и дипломатскиот кор и други високи личности. Бегај (55) беше избран за претседател на 4 минатиот месец со 78 гласови „за“. До тогаш тој ја вршеше функцијата началник на Генералштабот на вооружените сили, со чин генерал. Тој е осмиот претседател на Албанија, по падот на комунизмот. Но, Албанија вечерва не само што доби нов шеф на државата, со доаѓањето на Бегај во претседателската резиденција земјата има и „прва дама“, титула која и недостигаше на Албанија во изминатите пет години. Арманда Бегај (54) ќе биде „прва дама“ на Албанија. Таа е вработена во Високата државна ревизија. Не ѝ е позната на јавноста, но била дел од активностите кога на нејзиниот сопруг му биле доделувани високи чинови во армијата.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА МУ ПОСАКУВА УСПЕХ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БАЈРАМ БЕГАЈ СО ВЕРБА ДЕКА ЌЕ СЕ ЗАЛОЖИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Македонско Друштво “Илинден” - Тирана
Shoqata Maqedonase “Ilinden” - Tiranë

Македонското друштво “Илинден“-Тирана му посакува успех во извршувањето на функцијата претседател на Албанија на Бајрам Бегај, кој синоќа и официјално ја презеде фунцијата. Дозволете ми во името на Македонското друштво “Илинден“-Тирана и од мое лично име да Ви посакам успех на функцијата претседател на Република Албанија. Во оваа прилика посакуваме функцијата да ја искористите и за заложба за подобрување на правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Ви посакуваме здравје и успех во работата, стои меѓу другото во честитката потпишана од претседателот Никола Ѓурѓај.

## МАКЕДОНСКАТА АМБАСАДА ВО ТИРАНА УПАТИ ЧЕСТИТКА ДО НОВИОТ АЛБАНСКИ ПРЕТСЕДАТЕЛ БАЈРАМ БЕГАЈ



“Честитки за неговата екселенција господинот Бајрам Бегај, кој од вчера го започна својот мандат како претседател на Република Албанија. Амбасадата на Македонија во Албанија со нетрпение очекува да ја продолжиме нашата блиска и добра соработка”, стои во честитката. Бегај кој на 4 минатиот месец беше избран од страна на албанскиот парламент, со давањето заклетва во законодавниот дом и свеченото примопредавање, од синоќа официјално ја презеде функцијата. Претходно на 29 јули амбасадорот Данчо Марковски оствари протоколарна средба со Бегај, лично честитајќи му го изборот. На средбата биле разменети мислења околу најактуелните прашања од билатералната соработка меѓу двете земји, активностите поврзани со “Отворен Балкан”, при што Бегај ја истакнал воспоставената динамична соработка на премиерите Димитар Ковачевски и Еди Рама, како и владите на двете земји. Исто така ги поздравил позитивните резултати од економско трговската и другите сфери на соработка, кои според него, даваат охрабрување за натамошно проширување и продлабочување во односите. Се заложил дека во таа насока и тој ќе даде свој придонес. “Бегај информираше дека имал прилика да ја посети Македонија при што, остварил и средба со претседателот Стево Пендаровски. Амбасадорот Марковски изрази надеж дека по преземањето на функцијата, Бегај, ќе ја посети нашата земја”, објавија од амбасадата.

## АЛБАНИЈА ГИ ЗАПОЧНА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ДОДЕКА МАКЕДОНИЈА ИМА ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ПОЧЕТОК НА ПРИСТАПУВАЊЕТО КОН ЕУ



Пред одржувањето на меѓувладината конференција, премиерот на Македонија, Димитар Ковачевски, заедно со премиерот на Албанија, Еди Рама, денес се сретна со претседателката на Европската комисија Урсула фон дер Лајен и премиерот на Чешка, Петр Фиала, како претставник од чешкото претседателство. Веднаш по средбата, Фон дер Лајен, Ковачевски, Рама и Фиала дадоа изјави за медиумите. Премиерот на Македонија, Димитар Ковачевски, изјави дека Македонија е подготвена за Европската унија и дека отворањето на пристапните преговори е историски ден кои за земјата ќе обезбедат сигурна, безбедна и европска иднина. Ковачевски, во кратката изјава пред започнување на меѓувладината конференција истакна дека се отвораат нови перспективи за државата и за граѓаните, и дека полека, но сигурно, Македонија се приклучува кон големото европско семејство. Наведувајќи дека во Европскиот предлог е прецизиран македонскиот јазик, без никакви дополнувања и дообјаснувања, премиерот Ковачевски рече дека со тоа се отвара вратата за македонскиот јазик да стане еден од официјалните јазици на Европската унија, за што рече дека, лично, го смета за најголемо достигнување и најважен успех.

„Македонскиот јазик на овој начин не само што ќе биде заштитен туку ќе доживее и неверојатна промоција, со тоа што многу земји и култури кои традиционално немаат допир со нашиот македонски јазик ќе можат да се запознаат со него“, рече Ковачевски.

Додавајќи дека Македонија природно, вредносно и цивилизациски припаѓа во европското семејство,

Ковачевски рече дека многупати е докажано дека Македонија е партнер од доверба на Европската Унија. „Ние сме подготвени за Европската унија. Искрено се радувам заедно со граѓаните на ова денешно добредојде во Европската унија. Ако по утрото се познава денот, тогаш со сигурност ова ќе биде одличен ден, историски, на кој ќе се гордееме и кој ќе ни обезбеди сигурна, безбедна и европска иднина", нагласи Ковачевски. Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, истакнувајќи дека денес Македонија и Албанија ги отвораат пристапните преговори со Европската унија, рече дека ова е успех на граѓаните на двете земји и дека граѓаните покажале истрајна посветеност на вредностите на Европската унија. „Веднаш по меѓувладината конференција денес Комисијата и преговарачките тимови од Албанија и Северна Македонија ќе започнат со работа. Скринингот за законодавството на ЕУ ќе започне. Тоа е првиот чекор од процесот. И ќе им овозможи на Албанија и Македонија да се запознаат со правата и обврските на нашата Унија", рече Фон дер Лајен. Таа меѓу другото посочи дека со отворањето на пристапните преговори со Европската Унија ќе има зголемени инвестиции, подобрени трговски врски и подобра соработка во клучни области како што се енергетиката и транспортот, додавајќи дека ќе се максимизира употребата, но и ефектот од финансиите од ЕУ, а тоа значи нови работни места и нови бизнис-можности. Премиерот на Албанија, Еди Рама, истакна дека албанскиот народ никогаш не се откажал и не престанал да сонува да го следи европскиот пат.

„Застанавме на нозе по три комплицирани години каде од една страна одбивањата на Европскиот совет, а од друга страна земјотресот, пандемијата, војната создадоа тешка ситуација. Знаеме дека ова не е почеток на крајот, но тоа е крај на почетокот", нагласи Рама. „Едноставно треба да изградиме европска и силна Албанија и отворен, силен и демократски Западен Балкан", додаде албанскиот премиер. Меѓу другото, пред почетокот на прес-конференцијата, Рама на социјалните мрежи напиша: „Албанија седнува на големата маса на обединета Европа за почеток на преговорите за нејзиното членство". Премиерот на Чешка, Петр Фиала, истакна дека во име на чешкото претседателство на Советот на Европската унија, им честита на Македонија и на Албанија за овој успех.

## МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОРОТ ДАНЧО МАРКОВСКИ УЧЕСТУВАШЕ НА ПОДИГАЊЕТО НА ЗНАМЕТО НА ЕВРОПА ПРЕД ВЛАДАТА ВО ТИРАНА



Македонскиот амбасадорот, Данчо Марковски во дворот на Владата во Тирана претпладнево, по отворањето на преговорите за членство на Албанија во Европската унија, беше присутен на церемонија на симболично подигање на европското знаме пред Владата на Република Албанија. По подигањето на знамето и интонирањето на државната химна, премиерот Еди Рама им се обрати на присутните велејќи дека денес е нов ден за Албанија и многу ви благодарам на сите што сте тука со мене за свеченото подигање на знамето на ЕУ, по официјалното отворање на преговорите за членство на Република Албанија во обединетото европско семејство. Вашето присуство овде е повеќе од протоколарно, бидејќи вие и институциите што ги претставувате директно придонесувате за изградбата на европскиот пат на Албанија. Подигнувањето на ова знаме денеска пред владата го означува издигнувањето на Албанија на друго ниво, не само во односите со ЕУ, туку и во нејзината иднина, со слободи и права, безбедност и нејзин развој во секоја насока, рече Рама.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ГО ПОЗДРАВУВА СТАРТОТ НА ПРЕГОВОРИТЕ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА СО ЕВРОПСКАТА УНИЈАПОЗДРАВУВА



Македонско друштво "Илинден"-Тирана го поздравува стартот на преговорите на Република Албанија со ЕУ, е во корист на сите граѓани, бидејќи европската перспектива на Република Албанија е перспектива на иднината. Стартот на преговорите на Република Албанија со Европската Унија треба да ја охрабри албанската влада, и другите актери компетентни во областа на заштита на малцинствата да направат политики во полза на малцинствата, што ќе овозможи целосно исполнување на петтата препорака на Европската унија која што е поврзана со подобрување на човековите права и правата на малцинствата и ќе се гарантира повисоко ниво на третманот на малцинствата во Република Албанија. Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги поддржува албанските институции во продолжување на реформите потребни за членство во ЕУ и ќе даде својот придонес во исполнувањето на препораките на Европската комисија во однос на правата на малцинствата.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА БАРА ОД СПЕЦИЈАЛНАТА СОБРАНИСКА КОМИСИЈА “ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНА РЕФОРМА ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА“ ДА ЗЕМЕ ПРЕДВИД БАРАЊЕТО НА ЖИТЕЛИТЕ НА ГОЛО БРДО И ГОРА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНИ ГОЛО БРДО И ГОРА




По територијалната поделба во Република Албанија што се случи во 2014 година, областите на Голо Брдо и Гора каде живеат Македонци останаа неразвиени, а јавната администрација и службите на локалната самоуправа беа отежнати. Во 2014 година Владата ги укина и општините Требиште, Острени и Стеблево во областа Голо Брдо, за првите две да ги приклучи кон општина Булќиза, како и општините Шиштевац и Запот во областа Гора кои сега се приклучени кон општина Кукс. Единствена македонска општина во Албанија остана општина Пустец во областа Мала Преспа. И покрај барањата на македонската заедница во 2014 година, Владата не ги удоволи нивните барања за формирање на општините Голо Брдо и Гора. Македонците во областите Голо Брдо и Гора, укинувањето на македонските општини го сметаат за чекор назад во почитувањето на малцинските права во Република Албанија. Македонското друштво “Илинден”-Тирана повторно го актуелизираат барањето од пред 2014 година, Специјалната собраниска комисија за административно-територијална реформа во Република Албанија да го земе предвид барањето на жителите на Голо Брдо и Гора за формирање на општина Голо Бро и Гора. Македонското друштво “Илинден”-Тирана сметаат дека градоначалниците не треба да бидат именувани од Владата туку избрани на избори од граѓаните, заради нивната доверба во системот и непосредно решавање на локалните комунални проблеми.

## СТЕРЈОВСКИ И ОСМАНИ ПОБАРАА ОБЛАСТИТЕ ГОЛО БРДО И ГОРА ДА БИДАТ ПОСЕБНИ ОПШТИНИ, А ПУСТЕЦ ДА БИДЕ ИМЕНУВАНА ВО ОПШТИНА ПРЕСПА



Претседателот на македонското друштво „Сонце“, Васил Стерјовски и потпретседателот на македонското друштво „Мост“ Едмонд Османи, денеска од посебната собраниска комисија „За административно-територијална реформа во Република Албанија“ побараа формирање посебни општини Голо Брдо и Гора, што е барање на жителите уште при донесувањето на законот во 2014 година. Исто така во име на Македонците од Мала Преспа, Стерјовски побара општина Пустец, која е единствена македонска општина, според актуелната територијална поделба да се именува Преспа, бидејќи Пустец е само едно од деветте села, а исто така дури 90 отсто од територијата што ја зафаќа Националниот парк „Преспа“ е токму во оваа област. Тој искажа позитивна оценка за последните вложувања на албанската владата во оваа општина, што се случува за првпат во последните три децении, со кои видно се подобруваат условите за живот и привлекување туристи. По територијалната поделба во Република Албанија што се случи во 2014 година, Владата ги укина општините Требиште, Острени и Стеблево во областа Голо Брдо, за да првите две ги приклучи кон општина Булќиза, а третата кон Либражд, како и општините Шиштавец, Топојан и Запот, во областа Гора, кои сега потпаѓаат под општина Кукс. Македонците од областите Голо Брдо и Гора денеска се најмалку претставувани, зашто немаат ниту еден советник во општинските совети на Булќиза и Кукс, а на прсти може да се избројат оние кои се вработени во локалните самоуправи. Нема речиси никакви инвестиции па проблемите со недостиг на водовод, канализација, патишта, електрична енергија и понатаму се присутни, рече Стерјовски. И тој и Османи, потсетија дека поради лошата патна инфраструктура жителите во споменатите области треба со часови да патуваат до општинските центри за каква било услуга, а во зимскиот период поради обилните снежни врнежи остануваат завеани со недели, а згора на тоа и без електрична енергија. Можеби е единствен пример во светот, оној на жителите од административната единица Требиште, област Голо Брдо, кои, поради недостиг на асфалтни патишта, мораат да минат преку двата гранични премина со Македонија, за да стигнат до Булќиза за одредена

услуга. Идентична е состојбата и со жителите на Борје и Шиштевец, област Гора, кои минуваат преку два премина со Косово, за да стигнат во Кукс, рече Стерјовски. И тој и Османи, посочија дека поради непостоењето минимални услови за нормално живеење голем број Македонци од овие области иселени се во Елбасан, Драч, Кукс, Тирана, како и надвор од земјата.
Сите земји од западен Балкан кои се стремат да станат членки на ЕУ се обврзани да усвојат специфични стандарди за заштита на малцинствата. Територијалната поделба е од посебно значење за македонската заедница и за сите граѓани на Албанија. Македонската заедница е мирољубива и лојална и на нашата земја (Албанја) и дала многу заслужни личности на многу полиња во општеството. Почитувањето на права на малцинствата во една земја е многу значајно и исто така е потткнувачки фактор кој ја определува демократијата, мирот и стабилноста на таа земја, посочи Стерјовски. Со законот за административно-територијална поделба усвоен од парламентот, во 2014 година, без присуство на опозициските демократи, бројот на општините од 385 се намали на 61, иако опозицијата тогаш бараше нивниот број да изнесува најмалку 80. Неодамна албанскиот парламент формира посебна парламентарна комисија која треба да го разгледа барањето на опозицијата, за нова територијална поделбам која одржува средби со сите целни групи.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОБИ ИТ ОПРЕМА ОД “ДОНИРАЈ КОМПЈУТЕР“

Неколку години по ред, вниманието на македонската и светската јавност го привлекува една акција наречена “Донирај компјутер“. Тоа е самоиницијативна акција од г-динот Борче Стаменов од Кавадрци, Македонија за прибирање половни компјутери, нивно репарирање и донирање на граѓани од ранлива категорија, акцијата беше започната во 2016 година. Оваа акција беше од голема полза за децата од ранливите категории во периодот кога училишните обврски се одвиваа преку интернет. Во тој период “Донирај компјутер“ и Борче Стаменов им помогнаа на десетици деца да не изостануаат од часовите поради недостаток на компјутер. За втор пат “Донирај компјутер“ донираше ИТ опрема за потребите на Македонско друштво “Илинден”-Тирана. Со оглед на тоа што централната канцеларија на Македонско друштво “Илинден”-Тирана смета дека ова опрема е многу покорисна за генерален координатор на Македонското друштво “Илинден”-Тирана за татковината Македонија и за координаторот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана за Округот Елбасан. Македонско друштво “Илинден”-Тирана упатува јавна благодарност до г-дин Борче Стаменов за донацијата. Во ова прилка нашето Друштво апелира до сите што можат да ја поддржат ова прекрасна самоиницијатива и да донираат компјутер.

## АРХИТЕКТОТ БЛАГОЈ ЗДРАВЕВ ОД ШТИП ДАРУВАШЕ ПРОЕКТ ЗА КАМБАНАРИЈАТА НА ЦРКВАТА “СВ. АРХАНГЕЛ МИХАЕЛ” ВО ПУСТЕЦ

Дипломираниот инженер архитект Благој Здравев од Штип бесплатно изготви проект за камбанаријата на црквата во Пустец, Мала Преспа, кој денеска им беше претставен на надлежните. Од мое лично име, во име на локалната власт и жителите на Пустец искажувам голема благодарност на дипл.инж.арх. Благој Здравев, од Штип кој даруваше архитектонски проект за камбанаријата на црквата “Св. Архангел Михаел” во Пустец, рече градоначалникот Пали Колефски. Овој преубав божји храм е во центарот на Пустец и го разубавува плоштадот „Гоце Делчев” а камбанаријата ќе биде висока 15 и широка 4 метри.






Храмот е во тек на доградување од внатре и градежните работи се во тек. Но, на овој наш свет храм му недостасува камбанарија. За жал, камбаната ја имаме, обесена е на едно железо, кое не е соодветно за тоа, изјави неодамна намесникот на парохијата, отец Алексо Темелко. Тој во име на црковниот одбор а по барање на жителите тогаш упати апел до сите верници, според нивните можности, да донираат за изградба на камбанаријата, која, како што рече е повеќе од неопходна. И тој денеска искажува голема благодарност и божји благослов до Здравев и сите кои дарувале и ќе даруваат средства за изградба на камбанаријата.

## ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН СТРЕЗИМИР – РЕСТЕЛИЦА ВО ОБЛАСТА ГОРА КОН МАКЕДОНИЈА, ЌЕ БИДИ ОТВОРЕН ОД 20 ЈУНИ ДО 15 СЕПТЕМВРИ



Во согласност со одлуките на Владите на Македонија и Косово повторно е отворен, привремено во летниот период, граничниот премин Стрезимир- Рестелица на Македонско – косовската граница . Оваа за Радио Слободна Европа го изјави владиниот повереник на општина Маврово – Ростуше Медат Куртовски кој додаде дека преминиот ке биде отворен до 15 септември. ,, Отварањето на овој премин за два месеци во летниот период е од големо значење за жителите на општините Маврово – Ростуше и Драгаш во Косово“, изјави Куртовски. Куртовски во изјавата за РСЕ подвлекува дека локалната власт во општина Маврово –Ростуше има упатено и барање до централните институции во Македонија за редовна работа на овој граничен премин бидејки истиот ќе влијае позитивно во развојот на локалниот бизнис во двете општини а со тоа и во двете соседни држави. Инаку овој граничен премин за прв пат е отворен привремено пред четири години, и овозможува голема фрекфенција на населението од двете општини . ,,Ние сега имаме мошне добри односи со општината Драгаш“, изјави Куртовски. Македонската влада веке има донесено одлука за изградба на патот од Маврово –Ростуше до границата со Косово. Друштвата на Македонците од подрачјето на Гора по неколку години побара преминот да има постојан граничен режим, што значи отворен да биде 24 часа и да може да минува секој. Тие во барањето наведоа дека во отворањето на преминот од Гора гледаат надеж за економска соработка и нивен опстанок таму. Преку овој премин, кој се наоѓа на планината Кораб, на тромеѓето меѓу Македонија – Албанија и Косово, можат да минуваат само жителите од пограниниот појас од 25 километри и тоа со посебни дозволи. Во областа Гора на Косово распослани се 18 села, населени со Македонци со муслиманска вероисповест.

## ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНОТ НА МАНАСТИРОТ СВЕТА МАРЕНА ВО ТУМИНЕЦ, ОБЛАСТА МАЛА ПРЕСПА



Во селото Туминец, Мала Преспа, одбележан е патронот на манастирот Света Марена, празник кој Македонците во Мала Преспа, традиционално го слават заедно и каде и да се иселени тие за овој празник се тука. По повод денешниот празник посветен на Света великомаченица Марина – Марена – Огнена Марија, како и изминатите години, одбележувањето почна од синоќа кога во дворот на манастирот до доцна во ноќта се виеше македонско оро и се пееја македонски песни. По денешната богослужба што ја одржаа свештениците Алексо Темелко и Ропи Арѓири и двајцата Македонци од Мала Преспа, верниците продолжија со одбележувањето. Од негово и од име на Македонска алијанса за европска интеграција празникот го честиташе партискиот лидер Васил Стерјовски.Честит и вековит да ни е денешниот ден посветен на Света Марена, да ни е на помош и да ни дарува здравје, многу радост, среќа, благосостојба, стои во кусата честитка. Честитка за празникот,

со истите желби, до жителите на Мала Преспа испрати и Никола Ѓурѓај, претседател на македонското друштво "Илинден"-Тирана. Инаку, селото Туминец е едно од деветте населени места во Мала Преспа. Се наоѓа на самиот брег на Преспанското Езеро во близина на граничниот премин Стење – Горица и е второ село по големина, со околу 800 жители. Овој преубав манастирот датира од 18 век, а обновен е во 1926 година. Се наоѓа на самиот брег од Преспанското Езеро, покрај местото наречено Писан Камен, локација која самата по себе му дава дополнителна убавина и привлечност. Во него се наоѓаат поголем дел од моштите на Светицата каде сè уште се случуваат чуда над нејзините мошти.

## ОТВОРЕН БАЛКАН: МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И СРБИЈА СО ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ НА ПОВРЗУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ОД РЕГИОНОТ




На состанокот на Регионалната канцеларија за соработка на младите што денес се одржа во Белград, на кој присуствуваа министерот за млади и спорт на Србија, Вања Удовичиќ, државниот министер за млади и деца на Република Албанија, Бора Мужаќи, директорот на Агенцијата за млади и спорт на Македонија, Наумче Мојсовски, како и претставници на владите и младите, разгледани се можностите што земјите од Западен Балкан можат да ги искористат за поддршка на младите, јави дописникот на МИА од Белград. Министерот Удовичиќ со своите колеги од Македонија иАлбанија разговараше за досегашната соработка, но и за бројни планови и можности за заедничко дејствување во иднина. На средбите, соговорниците разменија искуства и информации за досега реализираните проекти, како и за можните различни начини на поврзување на младите од регионот во иднина, при што беше заклучено дека улогата на младите е клучна за создавање стабилна и перспективна иднина на регионот.Една од темите и на едната и на другата средба беше работењето на Регионалната канцеларија за соработка на младите, преку чија работа младите меѓу себе се поврзуваат и директно и успешно соработуваат преку заеднички проекти. Исто така, министерот Удовичиќ, министерката Мужаќи и државниот секретар Мојсовски го истакнаа големото значење за регионална соработка на иницијативата Отворен Балкан, кој е од интерес за трите земји, но и за целиот регион.

## ПО ЕДНА ДЕЦЕНИЈА МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И ГРЦИЈА ПОЧНУВААТ СО ЗАШТИТА НА ПРЕСПА



По повеќе од 12 години од потпишувањето на Договорот за заштита на Преспанскиот регион, Македонија, Грција и Албанија одржаа први состаноци на кои утврдија насоки за заедничкото одржливо управување и унапредување на Преспа. Граѓанските еко-организации овој момент го оценија како историски за заштитата на Преспа.
Првите два состаноци трите држави ги одржаа во информативниот центар Пили во Грција, на брегот на малото Преспанско Езеро, каде беа усвоени неколку документи: за воспоставување на Секретаријат на Комитетот за управување со „Преспа парк" составен од членови од Македонија, Грција и Албанија, а направен е и договор за начинот на кој ќе управува Секретаријатот. Потоа, изработени се два акциски планови за тоа како ќе спроведува Договорот за заштита и одржлив развој на подрачјето на „Преспа парк" во периодот од 2022 до 2024 година, велат за РСЕ од Министерството за животна средина и просторно планирање. Преспанското Езеро веќе неколку години е во многу лоша состојба, главно поради експлоатација на водите за земјоделството, но и како резултат на климатските промени. Иако сезонава имаше поголеми врнежи од снег и дожд, водата на Езерото во моментов е пет метри под референтната нулта точка во хидролошката станица во Стење, според податоците на Секторот за животна средина во Општина Ресен.
Од Министерството за животна средина и просторно планирање велат дека на средбите било дискутирано за еколошката состојба на Преспанското Езеро, но и за повлекувањето на водата. „Беше направен предлог-список на приоритетни активности, меѓу кои заеднички мониторинг на Езерото, анализа на намалувањето на нивото на водата и за надминување на состојбата со Преспанското Езеро. Во рок од две недели истиот ќе биде финализиран и одобрен од страна на ово тело" велат за РСЕ од МЖСПП.

Инаку, со повлекувањето на водата се намалува и кислородот во Преспанското Езеро, со што се создаваат бескислородни слоеви, најдлабоките од 13 до 15 метри, кои предизвикуваат изумирање на живиот свет, според податоците на Хидробиолошкиот завод во Охрид од пред неколку години. Закана за еколошкиот систем на Преспа е употребата на пестициди за земјоделството. Според достапните податоци, како оние на УНДП, во Преспанскиот регион секоја година за земјоделството се користат над 65 тони пестициди. Според Ајман Ал Маала од Секторот за животна средина во Општина Ресен, краткорочни мерки нема го дадат посакуваниот резултат за спас на Преспа и затоа, како што вели, во меѓународното тело ќе бидат предложени и долгорочни мерки.
„Климатските промени се најзначајниот елемент за влошувањето на состојбата на Преспанскиот регион. Неодржливото управување со водните ресурси за водоснабдување и наводнување, исто така за жал ја даваат сегашната слика, и во Грција и во Албанија, каде ситуацијата е слична како во Македонија вели Ал Маала.
Управувањето со водните капацитети на Преспанското Езеро е значајно од меѓународен и локален аспект, вели тој додавајќи тоа менаџирањето со Преспа треба да биде направено во насока на обезбедување на економоски просперитет и развој на регионот, но и во насока на зажитита на животната средина. Ал Маала вели дека во рамки на управувачките тела на „Преспа парк“ македонската страна инсистирала да бидат спроведени истражувања, иновации, мониторинг и заедничката размена на бази на податоци, како клучни алатки за правилно менаџирање на водните ресурси во прекуграничниот регион. Затоа, вели тој, најзначачајно е формирањето на Работна група за управување со водите.
„Прво и најпотребно е континуираниот мониторинг на регионот за да се добијат точни и релевантни податоци за идно планирање на мерки и активности. Втора приоритетна работа е формирање на таканаречена релеванта банка (база) на податоци, а потоа и размена на тие податоци со кои ќе предвидиме мерки и активности на терен. Важна е и хармонизацијата на методологиите за заштита кои треба да ги спроведеме - вели Ал Маала.

## СВЕТА МАРЕНА СЕ ОДБЕЛЕЖА И ВО ОБЛАСТА ШПАТ, ЕЛБАСАНСКА МИТРОПОЛИЈА



Денес во областа Шпат, која е под јурисдикција на Елбасанска Митрополија со радост се празнуваше Света Марена според стариот црковен календар Јулијанскиот календар во црквата посветена на Света Марена во Фуше Корез, кај планината Буканик во областа Шпат. На литургиата присуствуваше и Митрополитот Андон заедно со свештенството отец Јани Ранџа, отец Сотир Точи и ѓаконот Андреа Ранџа. Верниците од околината и децата на летниот дневен камп што се одржува во близина на црквата во Ѓинар дојдоа да присуствуваат на Божествената Литургија и да му оддадат почит на светителот. Митрополитот Андон во својот говор ги истакна искушенијата на верата низ кои поминала Марена, иако била млада, со силата Божја, сведоштво кое денес мораме да го дадеме во услови на нашето секојдневие. Среќни многу години! Нека светицата ни помага во нашите духовни напори со својот пример и застапништво. Областа Шпат, која е под црковна јурисдикција на Елбасанска Митрополија празниците ги празнува според стариот црковен календар т.н. Јулијанскиот календар. Тоа е црковниот календар кој се користи од Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија и други источни цркви, вклучувајќи ја и Вселенската Патријаршија. Инаку, Албанската Православна Црква се служи со Новиот црковен календар т.е. Грегоринаскиот календар.

## СО МАКЕДОНСКИ ПАСОШ МОЖЕ ДА СЕ ПАТУВА ВО 124 ЗЕМЈИ БЕЗ ВИЗИ

Со македонскиот пасош може без виза да се патува во 124 држави во светот, со што тој е рангиран на 33-то место на листата изработена според индексот на патни исправи „Артон Капитал“, со кој се опфатени пасошите на 193 земји членки на Обединетите нации и плус на Ватикан, Косово, Тајван, Макао, Хонг Конг. Како што јави дописникот на МИА од Белград, според овој индекс, Србија е на 25 место бидејќи нејзините граѓани можат без виси да посетат 134 земји, Црна Гора го дели 33-то место со земјава со можност за патување во 124 држави, Босна и Херцеговина е на 41 место, со чиј пасош може слободно да се влезе во 116 земји, а Косово е на 82 место. Јапонија, Сингапур и Јужна Кореја се трите земји со „најмоќни пасоши“, бидејќи нивните граѓани можат да патуваат во сите земји во светот без виза. Земји со „најмоќни пасоши“ во Европа се Германија и Шпанија, со чии патни исоради може без виза да се патува



во 190 држави, а потоа следат Финска, Италија и Луксембург со „слободен влез“ во 189 земји. Австрија, Данска, Холандија и Шведска се на делба на петтото место, додека Франција, Ирска, Португалија и Велика Британија го делат шестото место. Нов Зеланд и САД се на седмото, веднаш по нив како осмопласирани се Белгија, Норвешка и Швајцарија. Граѓаните на Авганистан повторно се на дното на листата со најслаб пасош, бидејќи можат да патуваат само во 27 земји откако ќе поднесат барање за виза.

## ГЕРМАНЦИТЕ ОД ЈУЖЕН ТИРОЛ И СЛОВЕНЦИТЕ ОД АВСТРИЈА ГИ ОСВОИЈА ТИТУЛИТЕ НА ЕВРОПСКОТО ПРВЕНСТВО НА 4-ТА ЕУРОПЕЈАДА 2022



**Фото: László Mihály – FUEN**

Германците од Јужен Тирол и Словенците од Корошка ги освоија титулите на Европското првенство на 4-та Еуропејада 2022. Во женска конкуренција се радуваа Словенците од Корошка, а во машка победници беа Германците од Јужен Тирол. Повеќе од 550 спортски учесници од единаесет европски земји се собраа во Корошка кај Словенечкото малцинство во Австрија за да играат против европскиот шампион на автохтоните национални малцинства меѓу вкупно 23 екипи. Спортската програма беше придружена со политички и културни настани, како што се концертни вечери со локални музички групи, панел дискусии и голем културен ден каде сите тимови имаа можност да го претстават своето малцинство на големата сцена. Еуропејада е Европско фудбалско првенство на автохтоните национални малцинства, голем спортски настан кој ги комбинира фер конкуренцијата и ентузијазмот на спортски фестивал со грижите на автохтоните национални малцинства. Средбата и размената на малцинствата и јавната промоција се во центарот на вниманието. Федерална унија на европските националности (ФУЕН) ја организира Еуропеада 2022 во соработка со Словенечката спортска асоцијација од Клагенфурт, Советот на Словенците од Каринтија/Крошка, провинцијата Корушка во Словенија. Македонско друштво “Илинден“-Тирана, како официјален член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) даде свој гласа за “Еуропеада 2022” претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај, гласаше за “ Еуропеада 2022” да се одрже во Каринтија/Крошка.

## ПОВИК ЗА ЛЕТНА ШКОЛА ЗА ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА ВО ПРЕСПА




Друштвото за заштита и зачувување на животната средина во Албанија (ППНЕА) и оваа година во соработуваме Protection and Preservation of Natural Environment in Albania и Society for the Protection of Prespa (SPP) во организацијата на прекугранична летна школа „Мониторинг и управување со зачувувањето на природата во Преспа“, која ќе се одржи од 11 до 16 септември 2022 година. Оваа летна школа е отворена за студенти од Албанија, Македонија и Грција, а на неа ќе може да учествуваат 20 студенти од додипломски или последипломски студии од областа на екологијата и сродни науки. Летната школа ќе овозможи теоретски сесии и практични активности кои ќе се одржуваат во прекрасниот Национален Парк Преспа во Албанија. Погледнете го следниов линк за повеќе информации и начини за апликација:https://ppnea.org/prespas-laboratory-transboundary.../ Ве очекуваме да аплицирате до 24 август 2022 година.

## ОТВОРЕН БАЛКАН: МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА И СРБИЈА СОЗДАВААТ МЕХАНИЗМИ ЗА ВЗАЕМНА ПОМОШ



Работата на меѓувладините групи и стопанските комори на земјите членки на иницијативата Отворен Балкан продолжи денеска во Тирана, со фокус врз управување и брза реакција во случај на катастрофи и несреќи, недостиг на храна и енергетски кризи. Претставници на членките на Отворен Балкан, Србија, Македонија и Албанија, се согласија дека обезбедувањето храна во услови на светска криза е предизвик и приоритет, поради што трите земји создаваат механизми за взаемна помош, соопшти македонската влада.

Заеднички приоритет на членките на Отворен Балкан е регионално енергетско поврзување, зголемување на енергетските капацитети и безбедно и стабилно снабдување со енергија, достапна за граѓаните, се наведува во соопштението. Во организација на министерката за земјоделство на Албанија, Фрида Крифца, денеска во Тирана ќе се одржи состанок на претставници на три земји со албанските купувачи и дистрибутери на кој ќе се разговара за новите можности за увоз и извоз на шеќер, масло, брашно и сол во регионот, под услови кои се поволни за македонската, српската и албанската економија.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник "Илинден" и Македонско друштво "Илинден"-Тирана
Адреса: Rruga "Mihal Grameno" Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник "Илинден" - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

**МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ГИ ПОВИКУВА СИТЕ МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА НА ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕ ВО ОКТОМВРИ 2022 ГОДИНА БЕС СТРАВ ДА СЕ ИЗЈАСНАТ ДЕКА СЕ МАКЕДОНЦИ И ДЕКА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК Е МАКЕДОНСКИ ТАКА ГО ЧУВАТ СВОЈОТ МАКЕДОНСКИ ИДЕНДИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**




**SHOQATA MAQEDONASE “ILINDEN”-TIRANË U BËN THIRRJE TË GJITHË MAQEDONASVE NË REPUBLIKËN E SHQIPËRISË NË REGJISTRIMIN E POPULLSISË NË TETOR 2022 PA FRIKË TË DEKLAROJNË SE JANË MAQEDONAS DHE SE GJUHA AMTARE ËSHTË MAQEDONISHTJA DUKE MBROJTUR KËSHTU IDENTITETIN E TYRE MAQEDONAS NË REPUBLIKËN E SHQIPËRISË**